**ОПШТИНА БИТОЛА**

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Програмата за заштита на животната средина за 2023 година („Службен гласник на Општина Битола” бр.16/22) и Записните од седниците на Комисијата за човекова средина од бр.09-33/2 од 29.03.2023 година и бр.09-35/2 од 03.04.2023 година, Општина Битола објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Битола за набавка на инвертер клима уреди за 2023 година**

**1. Опис на јавниот повик**

1.1. Поради технички проблеми со електронската платформа „мЗаедница” како последица од преголемиот наплив на елекронски апликации, Општина Битола врши промена на методот на аплицирање односно истото ќе биде **исклучиво** со физичка достава на документацијата до архивата на Општина Битола, а претходно поднесените електронски апликации на платформата „мЗаедница” нема да бидат земени предвид при одлучување за добитниците.
Секој апликант кој што поднесол електронска апликација потребно е физички да ја достави документацијата до архивата на Општина Битола.

1.2. Општина Битола, со цел да ги стимулира граѓаните за користење на обновливи извори на енергија за затоплување на домаќинствата, кои минимално ги загадуваат воздухот и почвата и не влијаат врз климатските промени, ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените финансиски средства за инвертер клима уреди набавени во периодот од денот на објавувањето на овој Јавен повик.

1.3. Средствата што ќе ги надоместува Општина Битола се во вредност од 30% од вкупната цена на чинење на уредот но не повеќе од 18.000,00 денари.

1.4. Јавниот повик е објавен на веб страната на Општина Битола и на огласната табла. Доставата на апликации со целосната документација ќе трае од 05.04.2023 година од 07:30 часот до 12.04.2023 година 15:30 часот.

1.5. Услов за учество на Јавниот повик е барателот и членовите на неговото потесно семејство со иста адреса на живеење да немаат искористено субвенција за набавка на инвертер клима уреди од претходни јавни повици спроведени од Општина Битола или од органите на државната управа на Република Северна Македонија.

**2. Начин на пријавување на јавниот повик**
2.1. Право на учество на овој Јавен повик имаат жителите на Општина Битола кои имаат набавено инвертер клима уреди за затоплување на домаќинствата од 29.03.2023година. На јавниот повик немаат право на учество сопствениците на станбени објекти кои се сеуште во фаза на изградба.
2.2. За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите за учество се исполнети, Барателот до архивата на Општина Битола ги доставува следните документи:

- Пополнето Барање кое може да се преземи од веб страната или архивата на

општината.

- Изјава заверена на нотар од Барателот дека лично тој или член на неговото потесно семејство немаат искористено право на поврат на средства за набавка на инвертер клима уреди, на претходни јавни повици спроведени од Општина Битола или други јавни повици од органите на државната управа на Република Северна Македонија.
- Копија од валидна лична карта.
- Копија од трансакциска сметка.
- Оригинал фискална сметка или Фактура со извод од деловна банка.

2.3. Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок.

2.4. Доколу има две или повеќе барања од лица кои живеат на иста адреса на живеење добитник на надоместок може да биде само едно лице од истата адреса на живеење, и тоа лицето од таа адреса на живеење кое прво аплицирало.

**3. Начин на спроведување на јавниот повик**

3.1. Добитниците на надоместок на дел од трошоците за набавка на инвертер клима уреди ќе бидат објавени на веб страната на Општина Битола.

3.2. Комисијата формирана со Решение од Градоначалникот, ќе состави листа на добитници на надоместокот во износ наведен во точка 1.3 од овој Јавен повик за набавка на инвертер клима уреди и истата ќе ја предложи до Градоначалникот.

3.3. Бројот на добитници е ограничен до висина на определениот износ од Програмата за животна средина на Општина Битола за 2023 година од 1.600.000,00 (еден милион и шестотини илјади) денари со пресметан персонален данок на личен доход.

3.4. Исплатата ќе се врши по редослед на поднесените барања до исцрпување на средствата предвидени за оваа намена во Буџетот на Општина Битола, односно согласно принципот - прв дојден прв услужен.

**4. Начин на остварување на правото на надоместок**

4.1. Градоначалникот на Општина Битола ќе донесе Решение за исплата на надоместокот во вредност од 30% од вкупната цена на чинење на уредот но не повеќе од 18.000,00 денари за набавка на инвертер клима уреди, доколку утврди дека се исполнети условите од овој Јавен повик.

Бр. 0920-32/3
03.04.2023 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Габриела Илиевска